Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Правилник за субвенционирање на жители на општина Василево за купување велосипеди**

Се објавува Правилникот за субвенционирање на жители на општина Василево за купување велосипеди, донесен на Седницата на Советот на Општина Василево, одржана на ден 24.07.2025 година.

08-1148/2 Општина Василево
25.07.2025 година Градоначалник
Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 24.07.2025 година, го донесе следниот

**П Р А В И Л Н И К**

**за субвенционирање на жители на општина Василево за купување велосипеди**

**Член 1**

Со овој Правилник се одредуваат критериумите, условите и постапката за субвенционирање на жители на општина Василево за купување велосипеди**.**

**Член 2**

Право на користење на субвенции, согласно одредбите од овој Правилник можат да остварат само физички полнолетни лица кои што се жители на Општина Василево, а имаат купено нов велосипед, започнувајќи од денот на објавување на Јавниот повик.

**Член 3**

Висината на субвенционирањето изнесува 50% од цената за купување на велосипеди, но најмногу до 6.000 денари.

**Член 4**

Распределбата на средствата за субвенции ќе се врши врз основа на јавен повик, кој ќе биде објавен од страна на Општина Василево на огласната табла на општината, на интернет страницата на Општина Василево и на официјалната мрежа т.е. фан страната на Градоначалникот на Општина Василево.

Рокот за пријавување по јавниот повик ќе биде до 31.12.2025 година и до искористување на определните средства за оваа намена од Буџетот на Општина Василево.

Начинот, рокот и поблиските критериуми за пријавување ќе бидат определени во Јавниот повик.

Распределбата на средствата ќе се врши врз основа на уредна и комплетна документација.

**Член 5**

За спроведување на постапката по јавниот повик, градоначалникот на Општина Василево формира комисија составена од пет членови, од кои три членови од вработените во општинската администрација и два членови од членовите на Советот на Општина Василево.

По прибирањето и проверката на документите, комисијата од ставот 1 на овој член изготвува листа на прифатливи баратели на субвенции.

Градоначалникот на Општина Василево, врз основа на листата од ставот 2 на овој член, донесува решение за парчна помош на прифатливиот број на баратели, по што конечната листа со добитници на субвенции се објавува на интернет страницата на Општина Василево.

**Член 6**

Постапката за субвенционирање за купување на велосипеди се поведува со поднесување на писмено барање со приложена документација од страна на физичкото полнолетно лице, жител на Општина Василево во Архивата на Општина Василево.

Со поднесувањето на барањето подносителот потпишува изјава за користење на неговите лични податоци, потребни во постапката за остварување и користење на правото на субвенции, како и изјава дека податоците прикажани во приложената документација се точни, идентични и одговараат на реалната состојба.

Потребна документација за остварување на правото на субвенции за купување велосипеди е:

- Барање за остварување на правото на субвенции;

- Фотокопија на важечки документи за идентификација (лична карта/пасош) на барателот;

- Копија од Трансакциона сметка на барателот;

- Оригинал фискална сметка или фактура за купен велосипед, кој е купен не порано од денот на објавување на Јавниот повик;

**Член 7**

Образецот (Барање) и потребните изјави треба да бидат достапни во Архивата при Општина Василево како и на веб страницата на Општина Василево.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а истиот ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево“.

08-1148/1<br>25.07.2025 година

Совет на Општина Василево<br>претседател<br>Ристо Делијанов